204

УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” ВО СКОПЈЕ
АРХИТЕКОНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
08 Бр.6/122 од 13.7 2020 год.

Врз основа на член 172 и 173 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр.82/2018), член 11 и член 44 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник 411/2018) и член 62 од Статутот на Архитектонскиот факултет-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Наставно-научниот совет, на 53. седница одржана на 10.7.2020 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за избор во наставно-научно звање вонреден професор**

I Д-р Саша Тасиќ, доцент на Архитектонскиот факултет – Скопје, се избира во наставно-научно звање вонреден професор во наставно-научната област: Архитектонско проектирање и дизајн- 20100, во Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

II Составен дел на оваа одлука е Извештајот на Рецензентската комисија објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, бр.1217 од 15.6.2020 година.

III Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

На конкурсот за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област: Архитектонско проектирање и дизајн- 20100, објавен во дневните весници „ Нова Македонија “ и „Коха“ на 2.4.2020 година, се пријави еден кандидат, д-р Саша Тасиќ, доцент на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет - Скопје.
Рецензентската комисија, формирана со Одлука на Наставно- научниот совет бр.08-6/63 од 16.4.2020 година, во предвидениот рок подготви извештај (реферат) за пријавениот кандидат со предлог за избор во повисоко звање.
Рефератот е објавен во Универзитетскиот билтен број 1217 од 15.6.2020 година.
Согласно Извештајот на Рецензентската комисија, Наставно-научниот совет на Факултетот донесе одлука како во диспозитивот.

Д е к а н

Проф. д-р Огнен Марина

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Република Северна Македонија
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

Доставено до:
- Архивата
- Именуваниот наставник
- Човечки ресурси
- Благајната